**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1344

Скопје, 1 јануари 2026 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**Првиот број на Билтенот е објавен во мај 1957 година**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
**проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

**Уредник на Билтенот:**
**Илија Богоевски**

**Лектори:**
**Весна Илиевска-Цветановска**
**Соња Попоска**

**Техничко уредување:**
**Зоран Кордоски**

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1344 ОД 1 ЈАНУАРИ 2026 ГОДИНА

## АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ивана Лозановска, Вероника Беличоска, Ана Костова, Марија Кутаноски, Елена Бачева, Ана Марија Јовановска, Дино Машовиќ, Татјана Јаковска, Сара Атанасовска, Ивона Боризовска, Јована Јовановска, Ангелина Стојковска, Сара Павловска, Станислава Наковска, Марија Тасевска, Кристина Крстева, Самир Барди, Ева Динев, Александра Андоновска, Ангела Чучкова, Марио Ристески**)..........7-9
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Славица Велкова, Мила Гавриловска, Евгенија Кузманоска Марија Трајковска, Сара Стокуќа**)..........10-11

## ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Напредни InSAR-техники за следење на деформации на Земјината кора** од **м-р Томе Геговски,** пријавена на Градежниот факултет во Скопје..........12-28
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Примена на ГНСС-нивелман за определување на локален геоид** од **м-р Филип Петровски,** пријавена на Градежниот факултет во Скопје..........29-41
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Адмир Абедини, Мевљан Имери, Мерсије Селами**)..........42

## ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Предизвиците на следењето и мерењето на перформансите на вработените во услови на работа од дома, со осврт на случајот на јавната администрација во Република Северна Македонија за време на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19** од **м-р Дејан Димитриевски,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје..........43-50

## МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот **Основи во теорија на управувачките системи – прв дел** од авторот **Лазе Трајковски**..........51-56
2. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Артан Тика**)..........57

## МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област микробиологија со паразитологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**вонр. проф. д-р Маја Јурхар Павлова**)..........58-74
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област радиологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**вонр. проф. д-р Маја Јакимовска Димитровска**)..........75-87
3. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања по предметите од научните области: фармакологија и клиничка фармакологија и токсикологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**в. н. сор. д-р Калина Ѓорѓиевска**)..........88-103

4. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и ендокринологија и заболување на метаболизмот, на Медицинскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Ирфан Ахмети**)....104-119
5. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и хепатогастроентерологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Фана Личоска Јосифовиќ**)....120-144
6. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област медицинска физика, на Медицинскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Душко Лукарски**)....145-157
7. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања по предметите од научните области интерна медицина, геријатрија, клиничко болничка и општа здравствена нега и кардиологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**н. сор. д-р Валентина Андова**)....158-172
8. Реферат за избор на еден асистент по предметот Медицина на трудот, на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Драгана Бислимовска**)....173-177
9. Реферат за избор на еден асистент по предметот Медицинска физика, на Медицинскиот факултет во Скопје (**м-р Ирена Саздова Данова**)....178-181
10. Рецензија на ракописот **Храна, исхрана и јавно здравје**, од авторите: **проф. д-р Гордана Ристовска** и **проф. д-р Игор Спироски**....182-188
11. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Хируршки третман на акутни и хронични патолошки состојби на лакот на аортата во еден акт** од **д-р Марјан Шокаровски,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје....189-201
12. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Споредба на серумските нивоа на D-витамин и фолат кај пациентки со хистолошки верифицирани цервикални интраепителни лезии (ЦИН 1, ЦИН 2 и ЦИН 3), наспроти пациентки со уреден наод** од **д-р Ивана Наков**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје....202-211
13. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Адријана Георгиев**)....212

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

1. Рецензија за оцена на докторска дисертација **Партнерството наставник – родител во функција на вонннаставни активности** од **м-р Мирлинда Буњаку Исуфи**, пријавена на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје....213-223
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Лиридона Бислими**)....224

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Поништување на арбитражни одлуки** од **м-р Стефани Младеновска Стојановска**, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје....225-232
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Владимир Глигоровски, Светла Јакшиќ, Оливер Иванов, Дарко Николовски**)....233-234

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): зоологија, биосистематика, екологија и животна средина, еволуција и друго

– ентомологија, на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**ас. д-р Јелена Хиниќ Јордановска**)....235-265

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Д-р Деспина Лазарова, Д-р Ерол Абдула, Д-р Стефан Петковски**)....266

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Марија Прошева**)....267

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

**1.** Реферат за избор на наставник во наставно-научно звање редовен професор по предметите од наставно-научната област (2.02.00.06) електроенергетски мрежи и системи, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**вонр. проф. д-р Јовица Вулетиќ**)....268-297
**2.** Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област телекомуникациско и информациско инженерство, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**вонр. проф д-р Валентин Раковиќ**)....298-313
**3.** Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Марија Паликрушев**)....314
4. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Христина Стојковска, Владимир Матвеев, Васил Јаневски, Сања Сиљаноска, Симона Тошеска Радовиќ, Надица Пирузе, Марија Мирчевска**)....315-316

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област фуражни култури, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**д-р Билјана Ристаќовска Ширговска**)....317-329
2. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Христина Симјаноска**)....330

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

**1.** Преглед на одобрени теми за изработка на специјалистички трудови (**Цветанка Јанакиева Башевска, Марија Петковска, Клодина Скендери**)....331

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Верскиот екстремизам како закана по регионалната безбедност кај државите од Западен Балкан** од **м-р Драган Костовски**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....332-337

**ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област ерозија и уредување на порои (4.01.01.05), на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје (**ас. д-р Божин Трендафилов**)....338-351

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Катерина Ѓорѓиевска**)....................................................352

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ**

**1.** Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Зоран Пеев**)....................................................353

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Кирил Новковски**)....................................................354

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

**1.** Рецензија за оцена на докторската дисертација **Историја на исламското теолошко мислење кај Албанците во османлискиот период во Македонија** од **м-р Фехми Ебиби**, пријавена на Институтот за национална историја во Скопје.............355-357

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕРОЗИЈА И УРЕДУВАЊЕ НА ПОРОИ (4.01.01.05) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ), Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ (ФШНПАЕ „Ханс Ем“), објавен на 19 ноември 2025 г. во дневните весници „Нова Македонија“ број 26.564 (стр. 17) и „Коха“ број 5577 (стр. 18), за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област *ерозија и уредување на порои* (4.01.01.05), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-398/10, донесена на 18 декември 2025 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Иван Блинков, редовен професор, д-р Иван Минчев, редовен професор и д-р Бојан Симовски, редовен професор, сите од УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област *ерозија и уредување на порои* (4.01.01.05), во предвидениот рок се пријави ас. д-р Божин Трендафилов од УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“.

### 1 Биографски податоци и образование

Кандидатот ас. д-р Божин Трендафилов е роден на 8 октомври 1981 година во Скопје, каде што го завршил основното образование, додека средното образование го завршил во гимназијата СУГС „Јосип Броз-Тито” – *општа гимназија*.

Во учебната година 2000/2001 се запишал на УКИМ – Шумарскиот факултет во Скопје, на насоката *шумарство*. На 7 јули 2006 година, по јавна одбрана на дипломскиот труд, дипломирал со среден успех 8,52 и се стекнал со звањето дипломиран шумарски инженер.

Во учебната 2007/2008 година е примен на магистерски студии на Медитеранскиот агрономски институт во Ханија, Грција (MAICh - CIHEAM), на студиската програма *Управување со животна средина*, со целосна стипендија. По успешно завршување на првата година, продолжува со стипендирани студии уште една година и работа на магистерска теза од полето на ерозијата насловена „Истражување на влијанието на шумските пожари врз ризиците од ерозија“. Постдипломските студии ги завршил на 4 февруари 2013 година со стекнување диплома од Меѓународниот центар за напредни медитерански агрономски студии (CIHEAM-France) за завршени магистерски студии со 120 ЕКТС и стекнат научен назив – магистер по управување со животна средина (достигнување *Cum Maxima Laude*) со оценка од магистерски труд 8,88.

Кандидатот на 1 ноември 2021 година е примен како докторанд на докторски студии на Универзитетот во Сасари, Италија, Оддел за земјоделски науки на студиската програма Monitoring and control of agricultural and forestry ecosystems in the Mediterranean. Во текот на истражувањето на докторските студии е вршена просторна и длабинска анализа на кореновиот систем на багрем (*Robinia pseudoacacia* L.), со цел спречување на плитки свлечишта и намалување на процесите на ерозија на благо наклонети терени. Целото истражување е обработено со развој на база на податоци во сообразност со пристапот FAIR. Докторската теза ја одбранил на Универзитетот во Сасари, на 26 септември 2025 под наслов: „Root Distribution of *Robinia pseudoacacia* for Soil Erosion Mitigation: A FAIR-Compliant Database Approach with NFS-FAIR-DDP“. Решението за признавање и еквиваленција на странската високообразовна квалификација која ја стекнал во Република Италија е издадено од МОН, бр. 24-985298 од 11 ноември 2025 година.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик и поседува Уверение за познавање англиски јазик, ниво Ц1, според Европската јазична рамка на Советот за Европа (CEFR), издадено

од УКИМ – Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје бр. 03-2333/2 од 14 ноември 2025 година.

Со Одлука бр. 04-362/4 од 4 ноември 2020 година е избран во соработничко звање – асистент на Катедрата за земјиште и вода, во наставно-научната област *ерозија и уредување на порои* (4.01.01.05) на УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“. Со Одлука бр. 04-277/4 од 26 септември 2023 година е повторно избран во соработничко звање – асистент на Катедрата за земјиште и вода, во наставно-научната област *ерозија и уредување на порои* (4.01.01.05) на УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“.

Покрај формалното образование, кандидатот активно учествувал и во бројни национални и меѓународни проекти, семинари, работилници и обуки за унапредување на личните вештини и способности.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата до неговиот избор во соработничко звање – асистент (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1224, стр. 439 – 444, од 15 октомври 2020) и повторниот избор во соработничко звање – асистент (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1288, стр. 216 – 267, од 15 јули 2023), како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатот д-р Божин Трендафилов, како асистент на Катедрата за земјиште и вода, ангажиран е и активно учествува во наставниот и практичниот процес на прв циклус студии на следниве предметни програми: *Геодезија со техничко цртање, Заштита на земјиштето од ерозија, Управување со водни ресурси, Рекултивација на копови, јаловишта и депонии, Деградација на земјиштето и опустинување, Уредување на поројни сливови, Вовед во пределно и просторно планирање, Шумска и урбана хидрологија, Топографија, Компјутерски апликации* и *Геоинформатика*.

Во текот на докторските студии, кандидатот има извршено настава на прв и втор циклус студии на студенти на Универзитетот во Сасари, Италија, како асистент на проф. д-р Филипо Гадросич (Filippo Giadrossich), на темите: *Моделирање на ерозивни процеси со ЕПМ и РУСЛЕ-методологија, Основи на ГИС-системи и работа со податоци, Векторски и растерски анализи во ГИС-системи* и *Манипулација со ГИС-датотеки во QGIS-софтвер*.

Конкретните активности се наведени во табелата во Образец 2, според Анекс 1 (член 2) од Правилникот за избор во звања, со датуми и други релевантни податоци.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатот ас. д-р Божин Трендафилов има објавено како автор или (ко)автор вкупно 8 научни трудови од соодветната и од други сродни области во меѓународни научни списанија кои подлежат на рецензија и се индексирани во повеќе електронски бази на списанија со трудови достапни на интернет, од кои два со фактор на влијание од 1,04, како и меѓународни конференции и конгреси.

Дополнително, ас. д-р Божин Трендафилов е коавтор и на две публикации („Примена на современи геоматски техники за моделирање на ерозијата“ и „Употреба на современи методи за оценување, управување и спречување на ризици и непогоди од природни влијанија во планински/шумски екосистеми“). Се јавува и како технички уредник на стручни книги: *Ерозија* и *Уредување на порои*, како и на книгата на апстракти по повод јубилејот на Факултетот за 75 години од основањето: *Better forestry, for better forests, for a better planet*.

Кандидатот активно учествувал во повеќе меѓународни научни и стручни собири и како (ко)автор презентирал реферати (усна презентација), кои се објавени како апстракти од научно/стручно излагање на конференција во зборници кога не е објавен целиот труд.

Ас. д-р Божин Трендафилов бил соизготвувач на еден научноистражувачки проект со наслов: „Квантитативни методи за евалуација на биоинженерски мерки за контрола на ерозијата“, во својство на истражувач, во рамки на Програмата на УКИМ за финансирање научноистражувачки проекти во 2022/2023 година.

Називите на трудовите, проектите и сл. се наведени во табела во Образец 2, според Анекс 1 (член 3) од Правилникот за избор во звања, со датуми и други релевантни податоци.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатот ас. д-р Божин Трендафилов остварил експертски активности самостојно или како соработник со други автори на повеќе стручно-применувачки трудови и развојни проекти, односно студии, елаборати, технички извештаи, програми и сл. За истакнување е учеството како соизвршител на работите на повеќе проекти за биолошка рекултивација на површински копови, како и член на експертскиот тим за изготвување техничка документација за противерозивно уредување на сливовите на водотеците на Скопска Црна Гора.

Ас. д-р Божин Трендафилов активно учествувал и во изработката на „Карта на ерозија на РС Македонија“ и „Карта на чувствителност на суша на РС Македонија“. Значајна стручно-применувачка активност е и учеството во студијата „Оценка на ризик од ерозија и поплави во заштитено подрачје Јасен“, како и член во изработката на Македонскиот почвен информациски систем (МАСИС – Macedonian Soil Information System).

Кандидатот учествувал и во изработка на бројни посебни планови за стопанисување со шумите за: НП „Маврово“, НП „Пелистер“, НП „Галичица“, ЈПУЗПП „Јасен“ и ЈП „Паркови и зеленило“ Скопје (Парк-шума Водно).

Во периодот од февруари 2014 до ноември 2020 година, кандидатот бил вработен како одговорен ГИС-инженер во Дистрибуција на топлина „Балкан Енерџи“ ДООЕЛ – Скопје. Во текот на тие скоро седум години се има стекнато со значајно стручно-применувачко искуство во приватниот сектор како одговорен инженер за ГИС.

За одбележување се и активностите на кандидатот во тековното работење на Факултетот преку техничка асистенција за ИКТ-инфраструктурата, учество во изработка на монографија на Факултетот, како и организациски активности при настани организирани за промоција на Факултетот и УКИМ.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот ас. д-р Божин Трендафилов, во Извештајот за самоевалуација за периодот 2023 – 2024 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на ас. д-р Божин Трендафилов.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот до денес, Комисијата заклучи дека ас. д-р Божин Трендафилов поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент по предметите од наставно-научната област *ерозија и уредување на порои* (4.01.01.05).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ас. д-р Божин Трендафилов да биде избран во звањето **доцент** по предметите од наставно-научната област *ерозија и уредување на порои* (4.01.01.05).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Иван Блинков, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Иван Минчев, член, с.р.**
**Проф. д-р Бојан Симовски, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Божин Александар Трендафилов
**Институција:** Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје
**Научна област:** *ерозија и уредување на порои* (4.01.01.05)

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,52.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 8,88 (88/100).<br>Просечниот успех изнесува _____ за интегрираните студии. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: *ррозија и уредување на порои (4.01.01.05);* поле: *земјоделство, шумарство и рибарство (4.01);* подрачје: *земјоделски и ветеринарни науки (4).* | Да |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1 (1) | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Geography, Environment, Sustainability<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Elibrary, DOAJ, BASE, Ulrichsweb, Viniti, WorldCat, University of Cambridge, Google Scholar, Open Archives, Research Bible, Academic Keys<br>3. Наслов на трудот: Comparison of EPM with Rusle for soil erosion modeling in the Strumica river basin<br>4. Година на објава: 2024 | Да |
| 3.1 (2) | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Geography, Environment, Sustainability<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Elibrary, DOAJ, BASE, Ulrichsweb, Viniti, WorldCat, University of Cambridge, Google Scholar, Open Archives, Research Bible, Academic Keys,<br>3. Наслов на трудот: Measuring and modeling erosion in two successive reservoir catchments on the Drim river in North Macedonia<br>4. Година на објава: 2024 | |
| 3.1 (3) | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: IJERD – International Journal of Environmental and Rural Development<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, PubMed, DOAJ<br>3. Наслов на трудот: Development of Erosion Protection Zones in the Catchment of the Reservoir “Kalimanci”, North Macedonia<br>4. Година на објава: 2023 /14-1 | Да |
| 3.2 (1) | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: ЕРОЗИЈА Scientific Journal of erosion and torrent control<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): Србија 5, Северна Македонија 1, Австрија 1, Бугарија 1, Грција 1<br>3. Наслов на трудот: Рачунање R - фактора (фактор ерозивне енергије кише) за потребе моделирања губитака земљишта помоћу РУСЛЕ методе на основу годишњих падавина<br>4. Година на објава: 2022 | Да |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Назив на научното списание: ________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_______<br>3. Наслов на трудот: ____________<br>4. Година на објава: ____________ | Не |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: ________ | Не |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД______<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: ________ | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: ______<br>2. Назив на меѓународниот собир: __________<br>3. Имиња на земјите: ________<br>4. Наслов на трудот: ___________<br>5. Година на објава: ___________ | Не |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br><br>1. Наслов на преведеното капитално дело: ______<br>2. Година на објава: ___________<br>3. Издавач, место на издавање и година: ______ | Не |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br><br>5. Странски јазик: англиски<br>6. Назив на документот: Уверение за познавање на англискиот јазик (бр. 03-2333/2)<br>7. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>8. Датум на издавање на документот: 14.11.2025. | Да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

* На лицата кои имаат засновroutes работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Иван Блинков, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Иван Минчев, член, с.р.**
**Проф. д-р Бојан Симовски, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Божин Александар Трендафилов
**Институција:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје
**Научна област:** *ерозија и уредување на порои* (4.01.01.05)

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Геодезија со техничко цртање (4+3), вежби, летен семестар 2021/2022 г. | 1,35 |
| 2 | Компјутерски апликации (1+2), вежби, зимски семестар 2021/2022 г. | 0,9 |
| 3 | Топографија (2+2), вежби, зимски семестар 2021/2022 г. | 0,9 |
| 4 | Шумска и урбана хидрологија (2+2), вежби, летен семестар 2021/2022 г. | 0,9 |
| 5 | Геоинформатика (2+2), вежби, летен семестар 2021/2022 г. | 0,9 |
| 6 | Деградација на земјиштето и опустинување (3+2), вежби, зимски семестар 2021/2022 г. | 0,9 |
| 7 | Управување со водни ресурси (4+3), вежби, зимски семестар 2021/2022 г. | 1,35 |
| 8 | Рекултивација на копови, јаловишта и депонии (3+2), вежби, зимски семестар 2021/2022 г. | 0,9 |
| 9 | Заштита на земјиштето од ерозија (3+2), вежби, летен семестар 2021/2022 г. | 0,9 |
| 10 | Вовед во пределно и просторно планирање (3+2), вежби, зимски семестар 2021/2022 г. | 0,9 |
| 11 | Уредување на поројни сливови (3+3), вежби, летен семестар 2021/2022 г. | 1,35 |
| 12 | Геодезија со техничко цртање (4+3), вежби, летен семестар 2022/2023 г. | 1,35 |
| 13 | Компјутерски апликации (1+2), вежби, зимски семестар 2022/2023 г. | 0,9 |
| 14 | Топографија (2+2), вежби, зимски семестар 2022/2023 г. | 0,9 |
| 15 | Шумска и урбана хидрологија (2+2), вежби, летен семестар 2022/2023 г. | 0,9 |
| 16 | Геоинформатика (2+2), вежби, летен семестар 2022/2023 г. | 0,9 |
| 17 | Деградација на земјиштето и опустинување (3+2), вежби, зимски семестар 2022/2023 г. | 0,9 |
| 18 | Управување со водни ресурси (4+3), вежби, зимски семестар 2022/2023 г. | 1,35 |
| 19 | Рекултивација на копови, јаловишта и депонии (3+2), вежби, зимски семестар 2022/2023 г. | 0,9 |
| 20 | Заштита на земјиштето од ерозија (3+2), вежби, летен семестар 2022/2023 г. | 0,9 |
| 21 | Вовед во пределно и просторно планирање (3+2), вежби, зимски семестар 2022/2023 г. | 0,9 |
| 22 | Уредување на поројни сливови (3+3), вежби, летен семестар 2022/2023 г. | 1,35 |
| 23 | Геодезија со техничко цртање (4+3), вежби, летен семестар 2023/2024 г. | 1,35 |
| 24 | Топографија (2+2), вежби, зимски семестар 2023/2024 г. | 0,9 |
| 25 | Шумска и урбана хидрологија (2+2), вежби, летен семестар 2023/2024 г. | 0,9 |
| 26 | Геоинформатика (2+2), вежби, летен семестар 2023/2024 г. | 0,9 |
| 27 | Деградација на земјиштето и опустинување (3+2), вежби, зимски семестар 2023/2024 г. | 0,9 |
| 28 | Управување со водни ресурси (4+3), вежби, зимски семестар 2023/2024 г. | 1,35 |
| 29 | Рекултивација на копови, јаловишта и депонии (3+2), вежби, зимски семестар 2023/2024 г. | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| 30 | Заштита на земјиштето од ерозија (3+2), вежби, летен семестар 2023/2024 г. | 0,9 |
| 31 | Вовед во пределно и просторно планирање (3+2), вежби, зимски семестар 2023/2024 г. | 0,9 |
| 32 | Уредување на поројни сливови (3+3), вежби, летен семестар 2023/2024 г. | 1,35 |
| 33 | Геодезија со техничко цртање (4+3), вежби, летен семестар 2024/2025 г. | 1,35 |
| 34 | Шумска и урбана хидрологија (2+2), вежби, летен семестар 2024/2025 г. | 0,9 |
| 35 | Геоинформатика (2+2), вежби, летен семестар 2024/2025 г. | 0,9 |
| 36 | Управување со водни ресурси (4+3), вежби, зимски семестар 2024/2025 г. | 1,35 |
| 37 | Заштита на земјиштето од ерозија (3+2), вежби, летен семестар 2024/2025 г. | 0,9 |
| 38 | Уредување на поројни сливови (3+3), вежби, летен семестар 2024/2025 г. | 1,35 |
| 39 | Хидрологија – ГИС-модул (5 часа x 2 ден), Моделирање на ерозивни процеси со ЕПМ-методологија, 2022 г. (Универзитет во Сасари, Италија) | 0,3 |
| 40 | Хидрологија – ГИС-модул (5 часа x 2 ден), Моделирање на ерозивни процеси со РУСЛЕ-методологија, 2022 г. (Универзитет во Сасари, Италија) | 0,3 |
| 41 | Хидрологија – ГИС-модул (4 часа x 7 дена), Основи на ГИС-системи и работа со податоци 2022/2023 г. (Универзитет во Сасари, Италија) | 0,84 |
| 42 | Хидрологија – ГИС-модул (4 часа x 5 дена), Векторски и растерски анализи во ГИС-системи 2022/2023 г. (Универзитет во Сасари, Италија) | 0,6 |
| 43 | Хидрологија – ГИС-модул (4 часа x 1 ден), Манипулација со ГИС-датотеки во QGIS-софтвер, 2025 г. (Универзитет во Сасари, Италија) | 0,12 |
| 44 | Хидрологија – ГИС-модул (4 часа x 1 ден), Моделирање на ерозивни процеси со РУСЛЕ-методологија во QGIS-софтвер, 2025 г. (Универзитет во Сасари, Италија) | 0,12 |
| 45 | Предавач на работилница – Обука за следење на промени на вегетација преку користење на далечинска детекција, 14 март 2023 г.<br>Проект: „Борба против илегални шумски активности“<br>Предавање на тема: „Презентација на целокупната активност“. | 1 |
| 46 | Предавач на работилница – Обука за следење на промени на вегетација преку користење на далечинска детекција, 14 март 2023 г.<br>Проект: „Борба против илегални шумски активности“<br>Предавање на тема: „Можности за примена на податоците и технологијата во пракса“. | 1 |
| 47 | Предавач на работилница – Обука за следење на промени на вегетација преку користење на далечинска детекција, 14 март 2023 г.<br>Проект: „Борба против илегални шумски активности“.<br>Предавање на тема: „Демо и методологија на работа преку презентација во живо“. | 1 |
| | **Вкупно** | **44,88** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus...**<br>Автори: **Trendafilov B**., Minchev I., Trendafilov A., Blinkov I. (2024). Comparison of EPM With RUSLE For Soil Erosion Modeling in The Strumica River Basin. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Geography, Environment, Sustainability, 4(17), 44-49 https://doi.org/10.24057/2071-9388-2024-0580 | |
| 2 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus...**<br>Автори: Minchev I., **Trendafilov B.**, Blinkov I., Trendafilov A., Ivanovski D. (2024). Measuring And Modeling Erosion In Two Successive Reservoir Catchments On The Drim River In North Macedonia. Geography, Environment, Sustainability, 4(17), 50-57; https://doi.org/10.24057/2071-9388-2024-0581 | 3 |
| 3 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus...**<br>Автори: Mincev I., Blinkov, I., Trendafilov A., **Trendafilov B.**, (2023) “DEVELOPMENT OF EROSION PROTECTION ZONES IN THE CATCHMENT OF THE RESERVOIR “KALIMANCI”, NORTH MACEDONIA”, *IJERD – International Journal of Environmental and Rural Development (2023)14-1, pp.77-81, ISSN 2433-3700 https://www.jstage.jst.go.jp/article/ijerd/14/1/14_77/_article/-char/en* | 3 |
| 4 | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**<br>Автори: Blinkov, I., Mincev I., **Trendafilov B.**, (2022)<br>“РАЧУНАЊЕ R - ФАКТОРА (ФАКТОР ЕРОЗИВНЕ ЕНЕГИЈЕ КИШЕ) ЗА ПОТРЕБЕ МОДЕЛИРАЊА ГУБИТАКА ЗЕМЉИШТА ПОМОЋУ РУСЛЕ МЕТОДЕ НА ОСНОВУ ГОДИШЊИХ ПАДАВИНА”, ЕРОЗИЈА Scientific Journal of erosion and torrent control, Бр. 48, ISSN 0350-9648 | 4 |
| 5 | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција и усна презентација:**<br>Автори: **Trendafilov, B.**, Mandžukovski, D., Teofilovski, A., Minchev, I., Ćušterevska R. (2022) “Accuracy assessment of supervised classification employing the MLC and RF algorithms on Sentinel2 image for the preparation of a vegetation map in the eastern part of the Republic of North Macedonia”, International Scientific Conference: Better Forestry, for Better Forests, for a Better Planet”, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje Hans Em Faculty of Forest Sciences, Landscape architecture and Environmental Engineering, p.20. 15-16 June 2022. | 2 |
| 6 | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција и усна презентација:**<br>Автори: Minchev I., Schüler G., Blinkov I, **Trendafilov B.**, Trendafilov A. (2022) “Identifying runoff sensitivity in forests and seminatural areas; Case study: Skopska Crna Gora”, International Scientific Conference: Better Forestry, for Better Forests, for a Better Planet”, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje Hans Em Faculty of Forest Sciences, Landscape architecture and Environmental Engineering, p. 35. 15-16 June 2022. | 2 |
| 7 | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција и усна презентација:** | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Автори: Stojanovski, V., Brajković, I., Lovreković, M., Minćev, I., **Trendafilov, B.**, Stojanovska, M., (2022): Mapping and evaluation of cultural ecosystem services in City Park Skopje - International Scientific Conference: Better Forestry, for Better Forests, for a Better Planet”, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje Hans Em Faculty of Forest Sciences, Landscape architecture and Environmental Engineering, p. 29. 15-16 June 2022 | |
| 8 | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција и усна презентација:**<br>Автори: Blinkov, B., Trendafilov, A., Mukaetov, D., Monevska-Alcinova, S., Stevkova, S., Stevkov A., Minchev, I., **Trendafilov, B**. (2022) “Development of soil erosion and desertification maps of Republic of North Macedonia”, International Scientific Conference: Better Forestry, for Better Forests, for a Better Planet”, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje Hans Em Faculty of Forest Sciences, Landscape architecture and Environmental Engineering, p. 36. 15-16 June 2022. | 2 |
| 9 | Презентација на меѓународна работилница SETOF (Soil Erosion and Torrential Flood Prevention) со наслов: „Accuracy assessment of supervised classification employing the MLC and RF algorithms on Sentinel2 image for the preparation of a vegetation map“ на 16 јуни 2022 г. | 1 |
| 10 | Презентација на меѓународна работилница SETOF (Soil Erosion and Torrential Flood Prevention) со наслов „ Development of a database on the degree of soil sealing and loss of organic matter for the three pilot regions in Northern Macedonia “ на 16 јуни 2022 г. | 1 |
| 11 | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција и усна презентација и објавен труд.**<br>The Influence of Intensive Rainfall on Erosion Processes on Recently Reclaimed Land. Trendafilov, A., **Trendafilov, B.,** Blinkov, B., Milevski, J., Todorovska, S., Andreevski, M., Bojcovski, B. (2010) BALWOIS 2010, 25-29 May 2010, Ohrid, R. Macedonia – Book of abstracts | 3,8 |
| 12 | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција и усна презентација и објавен труд.**<br>Comparison of Erosion Intensity Monitored on Plots with Different Shape Blinkov, I., Bojcovski, B., Trendafilov, A., **Trendafilov, B**, Mincev, I (2010) BALWOIS 2010, 25-29 May 2010, Ohrid, R. Macedonia – Book of abstracts | 4,1 |
| 13 | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција и усна презентација и објавен труд.**<br>Suitability for tree species afforestation using GIS aided landscape model in the Republic of Macedonia, Автори: **Trendafilov B**., Minčev I., Simovski B., Velkovski N.; First Serbian Forestry Congress (Future With Forests), 11-13 November, 2010, Belgrade , Serbia | 3,8 |
| 14 | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција и усна презентација**<br>Effects of forest fires on erosion processes, Автори: Blinkov I., Bojcovski B., **Trendafilov B**., Trendafilov A., Mincev I., First Serbian Forestry Congress (Future With Forests), 11-13 November, 2010, Belgrade , Serbia | 2 |
| 15 | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција и усна презентација**<br>Monitoring of erosion on a burned forest area.; Bojcovski, B., Trendafilov, A., **Trendafilov, B**., Blinkov I. First Serbian Forestry Congress (Future With Forests), 11-13 November, 2010, Belgrade , Serbia | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 16 | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција и усна презентација**<br>Actual and potential erosion risk analyzes - case study Vodno mountain - Skopje; Автори: Blinkov, I., Mincev, I., **Trendafilov, B.**, Jagev, V., BALWOIS 2008 , International conference – Ohrid, Republic of Macedonia – 27-31 May, 2008 | 2 |
| 17 | **Усна презентација и објавен труд во зборник на конгрес (научен стручен собир).**<br>GIS Aided erosion risk analyses on the Vodno Mountain,<br>Автори: Mincev I., Blinkov I., **Trendafilov B.**, III Congress of ecologists of the Republic of Macedonia with international participation, 6-9 October, 2007, Struga, R. Macedonia | 2,6 |
| | **Вкупно** | **43,3** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Р. бр.** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Минчев, И., Симовски, Б., Најдовски, Б. и **Трендафилов, Б.** (2024). „Проект за биолошка рекултивација на површинскиот коп за опалска бреча ’Спанчево – 2‘“ (Цементарница „Усје“ АД – Скопје). Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, Скопје. | 1 |
| 2 | Симовски, Б., Минчев, И., Најдовски, Б. и **Трендафилов, Б.** (2024). „Проект за биолошка рекултивација на површинскиот коп за варовник ’Зелениковец‘“ (Цементарница „Усје“ АД – Скопје). Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, Скопје. | 1 |
| 3 | Минчев, И., Симовски, Б., Најдовски, Б. и **Трендафилов, Б.** (2023). „Проект за биолошка рекултивација на површинскиот коп за кварц ‘Цепенка’“ (Цементарница „Усје“ АД – Скопје). Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, Скопје. | 1 |
| 4 | Симовски, Б., Минчев, И., Најдовски, Б., **Трендафилов, Б.**, Брндевска Стипановиќ, В. и Димитрова, А. (2023). „Проект за биолошка рекултивација на површинскиот коп за лапорец ‘Три Круши’“ (Цементарница „Усје“ АД – Скопје). Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, Скопје. | 1 |
| 5 | Симовски, Б., Минчев, И., Најдовски, Б., **Трендафилов, Б.**, Брндевска Стипановиќ, В. и Димитрова, А. (2022). „Проект за биолошка рекултивација на површинскиот коп за кварцен песок ‘Врловица’“ (Цементарница „Усје“ АД – Скопје). Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, Скопје. | 1 |
| 6 | Минчев, И., Симовски, Б., Најдовски, Б., **Трендафилов, Б.**, Димитрова, А. и Брндевска Стипановиќ, В. (2022). „Проект за биолошка рекултивација на површинскиот коп за туф ’Спанчево‘“ (Цементарница „Усје“ АД – Скопје). Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, Скопје. | 1 |
| 7 | „Отпорно Скопје: поголема одржливост и иновации за справување со климатските промени“ | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | „Resilient Skopje: Scaling-up for Sustainability, Innovation and Climate Change“<br>„ИКТ за урбана отпорност“<br>„ICT for Urban Resilience“<br>Позиција: Консултант – член на експертскиот тим за изготвување техничка документација за противерозивно уредување на сливовите на водотеците на Скопска Црна Гора: „Development of technical documentation for anti-erosive arrangement of the watersheds of Skopska Crna Gora“ (2021 г.)<br>Организација: УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“<br>Донатори/програма: Влада на Република Северна Македонија во партнерство со УНДП, „Отпорно Скопје“, спроведувани од УНДП – канцеларија во (С) Македонија и Град Скопје, 2021 г. | |
| 8 | Блинков, И., Трендафилов, А., Мукаетов, Д., Минчев, И., **Трендафилов, Б**., Блинкова-Дончевска, М., Моневска-Алчинова, С., Стевкова, С., Стевков, А.: Изработка на Карта на Ерозија на РС Македонија и Карта на чувствителност на суша на РСМ. (2020). Експерт за ГИС и ДД-моделирање. | 1 |
| 9 | Blinkov, I., Minchev, I., **Trendafilov, B**. (2023): Risks of Soil Erosion and Floods in the Protected Area “Jasen”. | 1 |
| 10 | ГИС експерт за изработка на Македонски почвен информациски систем (МАСИС – Macedonian Soil Information System). Проект TCP/MCD/3401, финансиран од ФАО (FAO – Food and Agriculture Organization) | 1 |
| 11 | Експертски активности: Изработка на посебен план за стопанисување на шумите: ШПЕ „Маврово“, 2011 | 1 |
| 12 | Експертски активности: Изработка на посебен план за стопанисување на шумите: ШПЕ „Бистра 1“, 2011 | 1 |
| 13 | Експертски активности: Изработка на посебен план за стопанисување на шумите: ШПЕ „Бистра 2 “, 2011 | 1 |
| 14 | Експертски активности: Изработка на посебен план за стопанисување на шумите: ШПЕ „Дешат “, 2011 | 1 |
| 15 | Експертски активности: Изработка на посебен план за стопанисување на шумите: ШПЕ „Горна Радика “, 2011 | 1 |
| 16 | Експертски активности: Изработка на посебен план за стопанисување на шумите: ШПЕ „Кораб “, 2011 | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 17 | Член на уредувачки одбор на монографија: *75 години Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ (1947 – 2022)* (2022 г.)<br>http://www.sf.ukim.mk/izdavacka_dejnost/monografija/UKIM_HEF_Monografija_75_godini.pdf | 1 |
| 18 | Уредник (Editor) на Book of abstracts of the International Scientific Conference “Better forestry, for better forests, for a better planet“, Skopje, 15 – 16th June, 2022. Ss. Cyril and Methodius University in Skopje - Hans Em Faculty of Forest Sciences, Landscape Architecture and Environmental Engineering | 1 |
| 19 | Работно тело за подготовка на нов Закон за заштита на почва. Финансиран од: Глобален еколошки фонд (ГЕФ).<br>Агенција за спроведување: Програма на Обединетите нации за животна средина (УНЕП)<br>Корисник: Министерство за животна средина и просторно планирање | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Документ: Структура и тези за Предлог-закон за заштита на почвите Спроведуван од: Институт за добро владеење и политики во животната средина и климатските промени Скопје (ИПЕК) | |
| 20 | Студиски престој во странство до три месеци. Обука во Република Турција на тема „Борба со опустинување: Тренинг за јакнење на капацитетите на Северна Македонија“, одржана во Анкара, Ескишехир, Кутахија и Афионкарахисар, од 9 до 14 септември 2024 г. | 0,5 |
| 21 | Студиски престој во странство до шест месеци. Обука во Република Србија на тема „Анализа на кореновиот систем на багрем *Robinia Pseudoacacia* со цел стабилизација на косини и плитки свлечишта“. Извршени беа теренски анализи на локации близу Лесковац и Врање, како и канцелариски анализи. | 1 |
| 22 | Член на редакција на Јубилеен годишник 1999 – 2009, 10 години ДРЕН - Здружение на студентите на Шумарскиот факултет во Скопје http://sekira.org.mk/index.php?option=com_remository&Itemid=14&func=fileinfo&id=39 | 0,5 |
| 23 | Компјутерска обработка и подготовка на брошура за достигнувања на проектот РИМАДИМА: Современ пристап за превенција и управување со ризици од природни непогоди во планински/шумски подрачја http://www.sf.ukim.mk/rimadima/Brosura.pdf | 0,5 |
| 24 | Компјутерска обработка и подготовка на брошура на ЗСШФ-ДРЕН: Дендропарк – планетарна урбана шума (дел од проектот Дендропарк – училница во природа) http://www.sf.ukim.mk/dendropark/Brosura_kompletirana_A5.pdf | 0,5 |
| | **Вкупно** | **23** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **44,88** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **43,3** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **-** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **23** |
| **Вкупно** | **111,18** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Иван Блинков, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Иван Минчев, член, с.р.**
**Проф. д-р Бојан Симовски, член, с.р.**